01.03.2017

# Повик за поднесување

## Проектни концепти / Планирачки Грантови / Предлог проекти

### *ГЛОБАЛЕН ЕКОЛОШКИ ФОНД – ГЕФ*

*ПРОГРАМА ЗА МАЛИ ГРАНТОВИ – ПМГ*

***За Македонија за 2017 г.***

Глобалниот еколошки фонд Програма за мали грантови – ГЕФ ПМГ за Македонија (Global Environment Facility Small Grants Programme – GEF SGP Macedonia) објавува **Повик за поднесување на Проектни концепти / Планирачки Грантови / Предлог проекти** во централните области:

1. Биолошка разновидност,
2. Климатски промени,
3. Деградација на земјиште,
4. Меѓународни води,
5. Хемикалии (ДДТ, жива, ПОПс) и
6. Развој на капацитети

Право за пријавување имаат **законски регистрирани** Здруженија активни во областа на заштитата на животната средина како и Здруженија кои работат во други области.

Пријавувањето на Проектните Концепти (ПК) / Предлог Проектите (ПП) се врши според *„Напатствија, Критериуми и Формулари за пријавување на проектни концепти, планирачки грантови и предлог проекти (верзија март 2017)"* кои може да се добијат по електронска/ редовна пошта од Канцеларијата на ГЕФ ПМГ Македонија со испраќање на електронска порака на info@gefsgpmacedonia.org.mk со *предмет (subject)*: *Напатствија за повик март 2017*, со текст од кое Здружение се јавувате и на крајот ставете име на лицето кое ја праќа пораката.

Здруженијата кои се пријавуваат, се повикуваат да ги следат Напатствијата и да ги употребуваат дадените формулари. Предложените активности и резултати мора да се во согласност со централните области на ГЕФ ПМГ и мораат да ги исполнуваат наведените критериуми детално образложени во *Напатствија, Критериуми и Формулари за пријавување на проектни концепти, планирачки грантови и предлог проекти (верзија март 2017).*

**КРАЕН РОК за поднесување на *Проектни Концепти* е**
**ДО ПОНЕДЕЛНИК, 10.04.2017 до 16.00 ч.**
**!!! По електронска пошта или во канцеларијата на ГЕФ ПМГ Македонија!!!**

**КРАЕН РОК за поднесување на *Планирачки грантови и Предлог Проекти* е**
**ДО ПОНЕДЕЛНИК, 29.05.2017 до 16.00 ч.**
**!!! ПО ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА И ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ГЕФ ПМГ МАКЕДОНИЈА !!!**

*Очекувана временска рамка на Повикот 2017: Одлучување по поднесените предлог проекти:* ***јуни 2017****; информација за одобрени за финансирање проекти:* ***јули 2017****; потпишување на Меморандумски договори:* ***август 2017****; планиран почеток на проектните активности:* ***септември 2017.***

**НЕМА ДА СЕ ПРИФАТАТ препишани проекти, напишани проекти од лица кои не се членови на Здружението, кои не се напишани во формуларите од март 2017, кои не се според Напатствијата, нецелосни проекти, кои се пристигнати ВО канцеларијата ПОСЛЕ крајниот рок.**

ул. Мајка Тереза 15/6, 1000 Скопје, Македонија
тел/факс: +389-(0)2-310.99.56;
ел. пошта: info@gefsgpmacedonia.org.mk
www.gefsgpmacedonia.org.mk